ЗАПИСНИК
од 4-та седница на Советот на Општина Новаци,
одржана на ден 15.12.2025 година, со почеток во 12:00 часот
во просториите на општинската зграда во Новаци

На седницата присуствуваа советниците: Илче Трајковски, Горан Велјановски, Весна Котевска, Игор Марковски, Иванчо Петковски, Македонка Соклевска, Ропче Ангелковски, Иванчо Котевски и Васко Секуловски.

Од општинската администрација присутни беа: Стевче Стевановски- Градоначалник, Анета Киселоска-Раководител на Одделение за правни работи, општи и јавни дејности, Александра Ангелевска-Помлад соработник, Оливера Димитровска-Раководител на одделение за финансиски прашања, Петар Велјановски-Соработник, Филип Радевски-Советник.

Останати присутни: Благојче Николовски-ВД Директор на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, Маја, Наташа, Билјана - Спортско Здружение „Бори се за целта“

Претседателот на Советот Илче Трајковски ја отвори седницата, ги поздрави советниците и го предложи следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1.Разгледување и усвојување на Записникот од 3^{та} седница на Совет на Општина Новаци;

2.Разгледување и усвојување на Нацрт-Буџет на Општина Новаци за2026 год;

3.Разгледување и донесување на План на програма за развој на Општина Новаци за период од 2026-2028 год.;

4.Разгледување и усвојување на Програма за животна средина;

5.Разгледување и усвојување Програма за активностите на Општина Новаци во областа на Локален економски развој во 2026 година;

6. Разгледување и усвојување Програма за култура, културни активности, културни и други манифестации на Општина Новаци за 2026 година;

7. Разгледување и усвојување Програма за спорт (за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во Општина Новаци за 2026 година);

8. Разгледување и усвојување Програма за одржување на јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2026 година;

9. Разгледување и усвојување Програма за локални водоводи на територија на Општина Новаци за 2026 година;

10.Разгледување и усвојување на Програма за заштита и благосостојба на животните-третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2026 година;

11.Разгледување и усвојување на План за заштита и благосостојба на животните-третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2026 година;

12. Разгледување и донесување на Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола (Противпожарна заштита);

13.Разгледување и донесување Одлука за именување на членви во персонален состав на штабот за заштита и спасување;

14. Разгледување и донесување Одлука за поставување команда и командир на универзална единица во јачина на вод;

15.Разгледување и донесување на Одлука за донесување на Преглед на переснален состав на Универзална единица во јачина на вод за заштита и спасување;

16. Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства за учество на јавниот повик и реализација на 6.Програма за работно ангажирање-Јавни работи, финансирана од буџетот на Агенцијата за вработување на РС Македонија;

17.Разгледување на Барање за согласност за поставување на гумени блокатори пред МКЦ Новаци;

18.Разгледување на Иницијатива од Спортско Здружение „Бори се за целта“ Битола до Општина Новаци;

19. Донесување на Одлука за именување на вршители на должност (ВД) членови на Управен одбор на ЈПКД ,,Комунална хигиена“ - Новаци;

20. Донесување на Одлука за именување на вршители на должност (ВД) членови на Надзорен одбор на ЈПКД „Комунална хигиена“ - Новаци;

21. Донесување на Одлука за именување на вршители на должност (ВД) членови на Управен одбор на ЈОУДГ „Бамби“- Новаци;

22.Донесување на Одлука за именување на вршители на должност (ВД) членови на Надзорен одбор на ЈОУДГ „Бамби“ - Новаци;

23.Разгледување на барања за еднократна парична помош;

24.Советнички прашања;

Претседателот предложи измена и дополнување на дневниот реди тоа:
-точките 21 и 22 да се одложат за некоја наредна седница и
предложи дополнување со нова точка на дневниот ред : -Барање од ЗФК „Новаци-2005“; како точка бр.21

Советничката Македонка Соклевска побара дополнување на дневниот ред за уште една точка: - Барање информација во врска со можноста за прифаќање на барателите на азил од Велика Британија во Р.С. Македонија; како точка бр.22

Предложениот дневен ред со измените и дополнувањата, советниците го усвоија со **9** гласа **ЗА.**

Точка 1 Разгледување и усвојување на Записникот од 3та седница на Совет на Општина Новаци

По разгледувањето на Записникот од 3та седница, истиот беше ставен на гласање.

Записникот беше усвоен со **9** гласа **ЗА.**

Точка 2 Разгледување и усвојување на Нацрт-Буџет на Општина Новаци за2026 год;

По однос на оваа точка Раководителката Оливера Димитровска кажа: Со оглед на тоа што сте нов состав на Совет на општина Новаци, нацрт-буџетот Ви беше пратен на сите советници на

подолг временски период на разгледување и за сите нејаснотии ви стоиме на располагање. Потоа во продолжение таа на советниците детално им го образложи Нацрт-Буџетот за 2026 година, со издвојување на поголемите ставки меѓу кои се: Атмосверска и фекална канализациона мрежа во индустриската зона Новаци, Улици во индустриската зона Новаци, Мобилни телефони за службениците, советот и градоначалникот, Плати на вработените, Привремени вработувања, Комунална хигиена, Јавна чистота, Полски патишта, Поправки и одржување, МЈП Пелалинк, Надзор, Оброци за ученици, Бушотини, Рекреативен парк Коњарка, Јавен повик за субвенционирање на инвертер клима уреди, Фестивал на жетва, Таблети за учениците, Набавка на лап-топ компјутери за советниците и т.н. Таа им укажа на советниците дека во секој момент имаат пристап до аналитичката картичка и до детални информации во врска со буџетот.

Советникот Васко Секуловски побара да се предвидат средства во Буџетот на општината за 2026 год. за изградба на 25 метарски крст кој ќе биде поставен кај манастирот „Рожденство на пресвета Богородица“ во с.Новаци и за кој веќе постои изработен проект.

Градоначалникот се изјасни по однос на оваа точка дека тоа е крупен проект кој ќе биде големо оптеретување за Буџетот на општината и дека ќе треба постоечкиот проект да се ревидира за кој исто така ќе треба да се предвидат средства.

Претседателот на Советот Илче Трајковски предложи овој проект да се одвива повеќегодишно во неколку етапи и да се побараат донации за остварување на истиот.

Советничката Македонка Соклевска побара дополнување и предвидување на средства во Буџетот за 2026 година за: Изградба на фудбалско игралиште во с.Живојно и Поставување на топлотни пумпи во спортската сала во с.Новаци.

Во однос на првиот предлог, Градоначалникот кажа дека жителите на селата Бач, Живојно и Гермијан имале за цел да се здружат и да направат заеднички фудбалски клуб и кажа дека веќе разговарал со жителите на с.Живојно и им предложил веќе постоечкиот и функционален стадион во с.Гермијан да се реновира и да го користат истиот наместо изградба на нов во с.Живојно. Тие се согласиле со истото.

Во однос на вториот предлог, Поставување на топлотни пумпи во спортската сала во с.Новаци, Градоначалникот укажа дека тој предлог веќе бил разгледуван и дека тоа е скапа инвестиција за Општината и дека за истото треба и понатамошно одржување.

Советникот Иван Котевски даде два предлози: Да се предвидат средства во Буџетот за исцртување на страничниот зид од МКЦ и да се направат сместувачки капацитети во излетничкото место „Коњарка“ кои би ги издавала Општината.

Советникот Ропче Ангелковски предложи да се постави ограда на ризичните места кои водат кон излетничкото место „Коњарка“ за што Градоначалникот рече дека ќе бара истото да го реализира ЈП за патишта.

Исто така предложи изградба на патот од Гнеотино до с.Брод.

Градоначалникот по однос на овој предлог кажа дека е предвидено изградба на нов пат до рудникот с.Живојно кој ќе можат да го користат и жителите на околните села.

По завршувањето на дискусијата Градоначалникот и Оливера Димитровска кажаја дека сите предлози ќе бидат земени во предвид.

Претседателот точката за донесување на Нацрт-Буџет за 2026 година ја стави на гласање и беше изгласана со **7 гласа ЗА** и **2 ВОЗДРЖАНИ.**

Точка 3 Разгледување и донесување на План на програма за развој на Општина Новаци за период од 2026-2028 год.;

Раководителката Оливера ја образложи оваа точка и објасни дека се работи за истата точка која беше објаснета на предходната седница само ќе има намалување на средствата во Планот

на програмата за развој за 2026г. кој се однесува на изградба на патишта во индустриската зона с.Новаци.

Точката беше ставена на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 4 Разгледување и усвојување на Програма за животна средина;

Програмата за животна средина беше разгледана од страна на советниците. Советничката Македонка Соклевска постави прашање до присутните на кој начин се врши мерењето на квалитетот на воздух што е наведено во Програмата за животна средина а Градоначалникот одговори дека има мерни станици поставени на Општинската зграда.

Градоначалникот се надоврза на објаснувањето на Програмата и кажа дека средствата добиени од фосилни горива се користат за проекти во насока на животната средина.

Советничката Македонка Соклевска праша дали можи да се достави барање до комбинатот Рек-Битола за добивање средства за рехабилитација на децата од училиштето „Славко Лумбарковски“ во хотел Молика. Градоначалникот и претседателот Илче Трајковски одговорија дека за тоа веќе било разговарано со раководството на Рек- Битола и дека ќе се настојува да се обезбедат средства за тоа.

По завршувањето на дискусијата точката беше ставена на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 5 Разгледување и усвојување Програма за активностите на Општина Новаци во областа на Локален економски развој во 2026 година;

Програмата за активностите на Општина Новаци во областа на Локален економски развој во 2026 година беше разгледана од страна на советниците. Градоначалникот објасни дека преку реализација на програмата ќе се имплементираат голем број на проекти во насока на подобрување на понудата на Општина Новаци како дестинација за рурален туризам, развој на локалната економија, подобрување на инфраструктурата и сл.

Претседателот точката ја стави на гласање. Точката се усвои со **9 гласа ЗА.**

Точка 6 Разгледување и усвојување Програма за култура, културни активности, културни и други манифестации на Општина Новаци за 2026 година;

Советниците се изјаснија дека и оваа програма беше разгледана од нивна страна. Советничката Македонка Соклевска предложи во иднина во оваа програма да се предвидат повеќе локации низ општината каде би се одржувале културни настани. Градоначалникот го прифати предлогот и кажа дека поголемите настани се одвиваат во Општина Новаци затоа што бројот на посетители е поголем. Но, веќе од минатата година настаните се прошируваат и во други населени места како на пример настанот на излетничкото место „Коњарка“ за кој се покажа голема заинтересираност.

Претседателот точката ја стави на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 7 Разгледување и усвојување Програма за спорт (за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во Општина Новаци за 2026 година);

Градоначалникот заедно со Оливера Димитровска објасниј како се распределени средствата

по однос на оваа програма. Претседателот точката ја стави на гласање.

Точката беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 8 Разгледување и усвојување Програма за одржување на јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2026 година;

По однос на оваа точка се изјасни ВД Директорот на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци-Благојче Николовски. Тој кажа дека благодарение на Градоначалникот и предходниот совет се исплатија сите долгови на претпријатието и дека сега истото работи многу подобро и е профитабилно. Тој ја образложи програмата и средствата кои се потребни за реализација на програмата. Исто така додаде дека средствата во програмата се малку повисоки за разлика од изминатата година и дека тоа е така заради поголемите трошоци и потребата за ангажирање на повеќе работна сила заради ангажманот на ЈПКД во индустриската зона и пешачката патека до манастирот.

Советникот Васко Секуловски постави прашање до Градоначалникот: Зошто ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци не ја превземи обврската со осветлувањето во општината. Градоначалникот објасни дека за уличното осветлување е склучен договор за Јавно приватно партнерсво на 15години од страна на предходниот градоначалник и дека во моментот не може ништо да се превземи по тоа прашање.

Градоначалникот го повика Филип Радевски- вработен во општината да го објасни договорот пред присутните. Филип Радевски го објасни договорот за Јавно приватно партнерсво пред присутните и кажа за придобивките од истиот. По завршувањето на дискусијата Претседателот на советот Илче Трајковски ја стави точката на гласање.

Точката беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 9 Разгледување и усвојување Програма за локални водоводи на територија на Општина Новаци за 2026 година;

Како и за предходната, така и за оваа точка збор зеде ВД Директорот на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци-Благојче Николовски. Тој ја образложи програмата пред присутните и кажа за активностите на претпријатието во однос на оваа програма. Точката беше ставена на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 10 Разгледување и усвојување на Програма за заштита и благосостојба на животните-третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2026 година;

Раководителката Анета Киселоска објасни дека оваа програма советот ја донесува секоја година и дека им беше доставена на увид на советниците како работен материјал.

Точката беше ставена на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 11 Разгледување и усвојување на План за заштита и благосостојба на животните-третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2026 година;

Планот за заштита и благосостојбана животните беше разгледан исто така од советниците и раководителката Анета Киселоска објасни дека и овај План исто како и програмата се донесуваат секоја година.

План за заштита и благосостојба на животните беше ставен на гласање и беше усвоен со **9 гласа ЗА.**

Точка 12 Разгледување и донесување на Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола (Противпожарна заштита);

По однос на оваа точка Раководителката Анета Киселоска кажа дека се работи за повеќегодишна меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола која се однесува на противпожарната единица. Имено жители од општина Новаци се вработени во противпожарната единица Битола и нашата Општина ги користи услугите на противпожарната единица Битола, бидејќи Општина Новаци на својата територија нема таква единица.

Точката беше ставена на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 13 Разгледување и донесување Одлука за именување на членви во персонален состав на штабот за заштита и спасување;

Претседателот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Горан Велјановски ги прочита членовите на персонален состав на штабот за заштита и спасување кои ги предлага комисијата.

Одлуката за именување на членви во персонален состав на штабот за заштита и спасување беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 14 Разгледување и донесување Одлука за поставување команда и командир на универзална единица во јачина на вод;

Претседателот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Горан Велјановски ги прочита имињата на членовите кои ги предлага комисијата за команда и командир на универзална единица во јачина на вод;

Советот ја усвои точката со **9 гласа ЗА.**

Точка 15 Разгледување и донесување на Одлука за донесување на Преглед на пероснален состав на Универзална единица во јачина на вод за заштита и спасување;

Претседателот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Горан Велјановски на останатите советници им подели список со Преглед од 40 членови на пероснален состав на Универзална единица во јачина на вод за заштита и спасување кој го изготви на седницата на

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Советот ја усвои точката со **9 гласа ЗА.**

Точка 16 Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финансиски средства за учество на јавниот повик и реализација на 6.Програма за работно ангажирање-Јавни работи, финансирана од буџетот на Агенцијата за вработување на РС Македонија;

Градоначалникот Стевче Стевановски ја образложи оваа точка. Тој ги извести советниците дека секоја година општината дава подршка на оваа програма која трае 1 месец и се однесува на ангажирање лица од општината за вклучување во проект Општо корисна работа.

Точката беше ставена на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 17 Разгледување на Барање за согласност за поставување на гумени блокатори пред МКЦ Новаци;

Претседателот Илче Трајковски кажа дека Директорот на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци - Благојче Николовски поднесе барање до советот за поставување на гумени блокатори пред МКЦ Новаци заради зголемување на безбедноста во сообраќајот. Тој образложи дека тоа е критично и непрегледно место за возачите и со поставување на гумени блокатори ќе се оневозможи непрописно паркирање на возилата.

Точката беше ставена на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 18 Разгледување на Иницијатива од Спортско Здружение „Бори се за целта“ Битола до Општина Новаци;

Претседателот ги повика представниците од Здружението „Бори се за целта“ да објаснат подетално на што се однесува нивната иницијатива и како ќе се реализира.

Наташа-представник од здружението, се представи пред присутните и кажа дека нивната цел е да се направат работилници за мајки и деца, на кои работилници на креативен начин ќе се дејствува на менталното здравје, емоциите и потребите на мајките и децата.

Билјана-представник од здружението исто така се представи и објасни дека таа е долгогодишен психолог во советувалиштето „Божилак“. Таа кажа дека психолошките работилници ќе се одржуваат 2 пати во месецот по два часа поврзани и дека проектот би покажал позитивни ефекти доколку би се одржувал барем 6 месеци непрекинато.

Маја-исто така представник од здружението кажа дека веќе има искуство со жените од општината и дека држи фитнес часови тука во Новаци веќе подолго време. Таа додаде дека има позитивно искуство со жените од општината и дека се надева на реализицаија на овај значаен проект за жителите на општината.

Градоначалникот предложи да има пробен период и да се обезбедат простор и потребни средства за реализиција на проектот за да се види заинтересираноста на луѓето. Тој смета дека средствата кои ги бара здружението се високи и дека во моментот општината не може да ги обезбеди па им предложи да достават друга понуда. По дискусијата претседателот ја стави точката на гласање.

Точката беше одбиена со **7 гласа ПРОТИВ и 2 ЗА.**

Точка 19 Донесување на Одлука за именување на вршители на должност (ВД) членови на Управен одбор на ЈПКД ,,Комунална хигиена“ - Новаци;

Раководителката Анета Киселоска објасни како се врши изборот на Управни и Надзорни одбори и дека сега треба да се назначат нови ВД членови. Претседателот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања - Горан Велјановски ги прочита членовите на Управен одбор кои ги предложи комисијата.

Претседателот точката со предлозите за членови на Управен одбор ја стави на гласање и беше усвоена со **7 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАНИ.**

Точка 20 Донесување на Одлука за именување на вршители на должност (ВД) членови на Надзорен одбор на ЈПКД „Комунална хигиена“ - Новаци;

Претседателот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања - Горан Велјановски ги прочита членовите на Надзорен одбор кои ги предложи комисијата.

Претседателот точката со предлозите за членови на Надзорен одбор ја стави на гласање и беше усвоена со **7 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАНИ.**

Точка 21 Барање од ЗФК „Новаци-2005“

По однос на оваа точка претседателот на Совет Илче Трајковски воедно и претседател на Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР истакна дека на седницата на комисијата беше повикан новиот претседател на клубот Пеце Коруновски и тој образложи на што се однесува барањето. Тој пренеси што кажа претседателот на клубот. Пеце Коруновски кажа дека клубот го затекнал во катастрофална финансиска состојба со долгови кои станале многу поголеми после примопредавањето кои истите не биле опфатени со него. Не се водела никаква грижа по однос на раководењето со клубот и истиот бил оштетен. Доколку не се извршела промената на сопственост клубот веќе ќе бил во стечај. Сега клубот напредува со видливи резултати и остануваат за подмирување сите произлезени долгови кои клубот мора да ги подмири за да може да продолжи со успешна работа. Претседателот на Совет Илче Трајковски појасни пред присутните дека побарал од претседателот на клубот Пеце коруновски да достави детален извештај со приложени сметки за сите средства кои ќе му ги одобри овај Совет. Советникот Иван Котевски исто така се изнесе по оваа точка и кажа дека ќе бара отчет за сите одобрени средства од страна на Советот и дека бара да се покрени случај во кој ќе се вклучи финансова полиција и ќе го испита случајот за предходното раководство со фудбалскиот клуб.

По дискусијата точката беше ставена на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 22 Барање информација во врска со можноста за прифаќање на барателиот на азил од Велика Британија во Р.С. Македонија

Советничката Македонка Соклевска го образложи барањето и кажа дека се однесува на можноста за прифаќање на барателите на азил во нашата држава. Градоначалникот појасни дека нема простор за загриженост и дека ќе биде изготвен заклучок со кој ќе се одговори на барањето.

Претседателот точката за носење на заклучок ја стави на гласање и беше изгласана со **9 гласа ЗА.**

Точка 23 Разгледување на барања за еднократна парична помош;

Претседателот на Совет Илче Трајковски и Претседател на Комисијата за еднократна парична помош ги прочита барањата кои ги разгледуваше комисијата:

1.Барање на финансиска помош за направена штета од лицето Дејан Атанасовски од с.Барешани.
2.Барање на финансиска помош за лекување од лицето Линка Николовска од с.Живојно
3.Барање на финансиска помош за лекување од лицето Мише Ѓорѓиевски од с.Добромири
4.Барање на финансиска помош поради лоша финансиска состојба од лицето Василка Стојановска од с.Новаци.
5.Барање на финансиска помош за лекување на својот син од лицето Лилјана Талевска од Битола.
6.Барање на финансиска помош за лекување и лоша финансиска состојба од лицето Вера Митровска од с.Долно Агларци
7.Барање на финансиска помош за лекување на својот брат од лицето Васко Крстевски од с.Гермијан
8.Барање на финансиска помош за лекување од лицето Марина Наумовска од с.Новаци
Советот ги разгледа барањата и по предлог на Комисијата за еднократна парична помош одлучи барањата од лицата Мише Ѓорѓиевски с.Добромири, Василка Стојановска с.Новаци, Вера Митровска с.Долно Агларци и Васко Крстевски с.Гермијан да бидат прифатени како коплетни и да му се додели финансиска помош од 20.000 ден. За лицата Линка Николовска од с.Живојно и Лилјана Талевска од Битола по предлог на комисијата советот одлучи да се препратат на разгледување кај градоначалник. За лицата Дејан Атанасовски од с.Барешани и Марина Наумовска од с.Новаци по предлог на комисијата советот одлучи да се дополнат барањата со потребната документација а потоа да се изготват решенија за исплата.

Точката со предлозите за еднократна парична помош беше ставена на гласање и беше изгласана со **9 гласа ЗА.**

Точка 24 Советнички прашања

Бидејќи немаше советнички прашања Претседателот ја затвори седницата.
Седницата заврши во 15:00 часот.

Записничар
Александра Ангелевска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Илче Трајковски